Република Северна Македонија

Министерство за транспорт

Сектор за уредување на просторот

20.–ноември, 2026 година

Архивски број : 67-319/13

Предмет: Известување за јавен увид на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА ДРЖАВЕН ПАТ (Автопат А1) НА КП 592, КП 591, КП 590, ДЕЛ ОД КП 587, КП 586, ДЕЛ ОД КП 584, ДЕЛ ОД КП 582 И ДЕЛ ОД КП 583, КО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26), Министерството за транспорт го става на увид на јавноста УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА ДРЖАВЕН ПАТ (Автопат А1) НА КП 592, КП 591, КП 590, ДЕЛ ОД КП 587, КП 586, ДЕЛ ОД КП 584, ДЕЛ ОД КП 582 И ДЕЛ ОД КП 583, КО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, (аплициран во информацискиот систем е-урбанизам во постапка број 78597), изработен од Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и други услуги ГОПЛАН-ПРО ДОО Беловиште Гостивар со тех. бр. 82/26 од ноември 2026 година.

Јавниот увид ќе трае 7 дена односно од 20.11.2026 до 26.11.2026 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, 1000, Скопје како и на е-адресите:

vesna.markovska@mtc.gov.mk и

daniela.despotovska-sekovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Подготвил: Даниела Деспотовска Сековска, диа
Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на простор